**ЗАПИСНИК**

од Втора форумска сесија на буџетски форум во Општина Битола

**Датум:** 03.11.2022**, Место:** Хотел Капри, Битола **Час:** 11:00-13:30
**Присутни граѓани:** Вкупно: 46
Мажи: 28 Жени: 18
**Модератор:** Рубин Николоски, **Ко-модератори:** Катерина Ѓорѓиевска, Зоран Здравески;

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

Добредојде, дневен ред и цели на втората форумска сесија;

Усвојување на Записник од Првата форумска сесија;

Презентација - структура на буџетот на Општина Битола во проценти;

Презентација - приоритети за развој на Општина Битола за 2023;

Преглед на планирани/реализирани приходи на Општина Битола за 2022 г. до 30.09.2022
- презентација и дискусија

Проекција на приходи на Општина Битола за 2023 година
- презентација, дискусија и предлози од граѓаните

Презентација на сработеното на работната група, дискусија и усвојување на предлози;

Презентирање на повратни информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од претходната сесија;

Расходи по програмите предложени на прва форумска сесија презентација и дискусија;

Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група, информација за термин за трета форумска сесија и оценка на форумската сесија;

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Втората форумска сесија се реализираше според претходно утврдената агенда. Истата ја отвори форумскиот модератор кој ги поздрави присутните и накратко ја објасни целта на сесијата и ги повтори деталите на форумскиот процес односно неговите клучни барања, цели и методи како и неговата организациона структура. Со цел поефикасна работа на форумот, од страна на модераторот беа презентирани правилата за работа на истиот кои беа заеднички утврдени за време на првата форумска сесија, вклучително и правилата за присуство и право на глас на четврта форумска сесија. Пред форумот да продолжи со работа, присутните учесници едногласно го усвоија Записникот од Првата форумска сесија.

Во понатамошниот дел на сесијата, од страна на стручните лица на Општина Битола кои се дел

од работната група беше извршена презентација на структурата на буџетот на Општина Битола во проценти, беа презентирани приоритетите за развој на Општина Битола за 2023, потоа планираните/реализирани приходи на Општина Битола за 2022 година до 30.09.2022 и беше презентирана и проекцијата на приходите на Општина Битола за 2023 година. Поврзано со овие презентации, форумот продолжи со дискусија на која посебен акцент беше ставен на разграничувањето на мандатот и обврските на органите на локалната самоуправа особено во делот на предлагањето на политики и носењето на одлуки.

По завршувањето на дискусијата од страна на модераторот беа презентирани програмите кои форумските учесници ги утврдија на првата форумска сесија за понатамошно разгледување на следните сесии:

- Програма за социјална заштита;
- Програма за урбанистичко планирање;
- Програма за развојни планови;
- Програма за уредување на градежно земјиште;
- Програма за локален економски развој;
- Програма за активности во областа на спортот и младите;
- Програма за заштита на животната средина и природа;
- Програма за култура.

Поврзано со ова, форумскиот модератор како резултат на сработеното помеѓу сесии, му предложи на форумот Програмата за јавни дејности (основно, средно образование) да ја отфрли од понатамошно разгледување поради ирелевантност (блок и наменски дотации). Форумот едногласно го прифати предлогот.

Во следниот дел од сесијата, од страна на форумскиот модератор беше извршена презентација на сработеното на работната група и беа презентирани повратните информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од првата сесија. По презентацијата следеше дискусија чии заклучоци и препораки се дадени подолу во соодветната секција на овој Записник.

Присутните учесници на втората форумска сесија, за време на истата, но и по писмен пат во периодот помеѓу двете сесии ги предложија следните буџетски приоритети кои треба да бидат предмет на разгледување за време на работата помеѓу сесии како и за време на третата форумска сесија:

- Уредување на локална патна мрежа во населба Раштани,
- Уредување на локална патна мрежа во село Бистрица,
- Ставање во функција на филтерница/пречистителна станица во село Бистрица,
- Инсталација на фотоволтаици на објекти во сопственост на општината,
- Уредување на дом Таки Даскалот во детска градинка (комбиниран модел, ЈПП, со работно време и попладне),
- Активности за чистење на булеварските површини во градот од измет на домашни миленици – зголемувањење на присуството на комуналната инспекција на терен,
- Реализација на ДУП Стар Прогрес – во процедура од 2014 година,
- Изградба/уредување на двор во детска градинка Ѕвездички во Брусничка населба,
- Уредување на локална патна мрежа во село Карамани,
- Уредување на канализација во село Карамани,
- Изградба на водовод и атмосферска канализација на водовод на улица Драгорска,
- Уредување на двор во училиштето во село Крклино,
- Ставање во функција на пречистителна станица во село Доленци,

- Регулирање на урбана опрема на улица Широк Сокак – плоштад Магнолија (зголемување на простор за пешаци),
- Затворање на фабрика за масло од канабис во село Кравари,
- Обезбедување на вода за пиење во н.м Црновец,
- Асфалтирање на патен правец од село Драгожани до брана Стрежево,
- Чистење на одводни канали во село Црновец,
- Одржување на патен правец од село Габалавци до брана Стрежево (чистење на вегетација),
- Асфалтирање на пат Горно Оризари-Крклино,
- Асфалтирање на патна мрежа во с. Ѓавато,
- Реновирање на кров на училиште во с. Ѓавато,
- Изградба на бетонски мост на река Шемница за поврзување на селата Ѓавато-Кажани-Доленци,
- Асфалтирање на улица Индустриска од влезот во населба Боримечка преку преминот до мостот на Курделес,
- Смена на одвод и водовод и асфалтирање на прво сокаче од улица Индустриска од бр. 3 до 33,
- Завршување на ул. Боримечка од ЕВН па надолу сосе неколкуте сокачиња (одвод, водовод, асфалт),
- Поставување на детски реквизити наспроти Македонија Пат на ул. Бистра и партерно уредување,
- Пешачка патека од влез на населба преку преминот до мостот на Курделес,
- Замена на азбестни цевки на улица Кирил Пејчиновиќ (пресек со ул. Драгорска),
- Пешачка патека од Буримечка до Торпедо,
- Реконструкција на Булевар 1 Мај од лева страна по течение на Драгор (од Сали мост),
- Реновирање на канцеларија на у.з Даме Груев,
- Реконструкција на три мали сокаци на Булевар 1 Мај под Железничката,
- Сокак со бекатон на ул. Вера Циривири Трена,
- Сокак со бекатон на ул. Браќа Миладинови,
- Асфалтирање на дел од Булевар покрај стовариште Грујо,
- Промена на водоводна мрежа на улица Коста Абрашевиќ,
- Парк Кајнак – да се предвиди фудбалско игралиште, клупи, асфалт, крлешки,
- Изградба на пречистителна станица за Општина Битола,
- Уредување на сретсело во Крстовар,
- Изградба на патна мрежа во с. Крстовар,
- Отстранување на гаражи и куќа во распаѓање кај Трите Кули,
- Доврршување на улица Срем и поврзување со улица Едвард Кардељ,
- Изработка и ставање во функција на софтвер за електронско плаќање на даноци и комунални такси во Општина Битола,
- Промена на старата дограма со нова PVC на урбана заедница Ѓорги Наумов,
- Изградба на детски парк или летна сцена позади урбана заедница Ѓорги Наумов кон новиот пазар,
- Уредување и покосување околу урбана заедница Ѓорги Наумов и новиот пазар,
- Санирање на сите ударни дупки во целата урбана заедница Ѓорги Наумов како и чистење на сите сливници за атмосферска вода,
- Редовно миење на улиците: Мирка Гинова, Ѓорги Наумов и Михајло Андоновски,
- Поставување на попречна решетка како би се опфатила атмосферската вода која доаѓа од ул. 13 Јули при што ја поплавува ул.13,
- Промена на бетонскиот капак од ревизиона шахта од канализација и поставување на метален капак во урбана заедница Ѓорги Наумов,
- Решавање на проблем со водоводниот притисок после изградбата на две згради, позади ул 13, за кои нема никакво инфраструктурно решение (улица, улично осветление),

- Пробивање на дел од ул.12, чикмак позади зградите на ул. Стерјовски Ѓорги Џоџа кон истата и дислокација на диво изградени гаражи,
- Асфалтирање или поставување на бекатон плочки на ул. 14,
- На Ул. 21-ва кај бр.8 и 10-чикмак, да се постави едно сијалично место, канализациона мрежа и да се постават бекатон плочки,
- На Ул. 21-ва кај бр. 20 и 22- чикмак да се промени канализациона мрежа и да се постават бекатон плочки,
- На Ул. 24-та - да се тампонира кон потегот кај хотел Битола и да се подигни градежниот шут од дива депонија,
- Ул.25- та - гребење на асфалтот и нејзино асфалтирање,
- Ул.26-та - целосна реконструкција, поставување на водоводна, канализациона мрежа и асфалтирање,
- Ул. 22-ра - асфалтирање на делот од улицата под новата зграда (под Декорпод), потегот од ул. Стерјовски Ѓорги – Џоџа кон ул.21-ва,
- Ул. 30 и 31- ва - поставување на бекатон плочки,
- Ул. Мирка Гинова -целосна реконструкција, поставување на водоводна, канализациона мрежа и асфалтирање,
- Пробивање на улицата Мирка Гинова кај вулканизерот Чашит кон потегот спрема ул„ Партизанска,
- На ул. Мирка Гинова наспроти бр.10 да се направи соодветно место за контејнерите,
- Пробивање на улицата Мирка Гинова кон новиот пазар,
- Ул. Борис Буџевски- уредување на просторот кон улица Мирка Гинова кај детскиот парк односно поплочување патека со бекатон плочки,
- Ул. Борис Буџевски- поставување на контејнерите на соодветно место,
- Ул. Михајло Андоновски - реконструкција со асфалт, затворање на диво отворениот пролаз за моторни возила и кај кула бр. 6, поставување патека со бекатон плочки,
- Ул. Михајло Андоновски-одржување на паркот и зелените површини,
- Ул. Михајло Андоновски - изградба на детски парк помеѓу кулите, промена на контејнерите со можност за селекција на отпадот, изградба на пристапна патека кон новиот пазар, поплочување на делот од тревникот помеѓу коловозната лента и тротоарите, имајќи во предвид дека тоа е единствен простор за паркирање на автомобилите и истиот соодветно да се обележи,
- Реконструкција на улица Христо Ботев: канализација, водовод, асфалт, осветлување, тротоари, пренамена од двосмерна во едносмерна,
- Реконструкција на улица Стив Наумов од Премиер Центар до ОУ Стив Наумов-канализација, водовод, асфалт, осветлување, тротоари и поставување на соодветни знаци или лежечки полицајци,
- Средување на СРЦ Македонски Бранители: кошаркарско игралиште со нови кошеви, тартан подлога, мрежи околу тениско игралиште и атмосферски води,
- Средување на мала канцеларија на м.з Јонче Мурџевски,
- Средување на мост на Брусничка река и мост на ул. Павел Шатев,
- Поправка на крлешки во м.з Јонче Мурџевски,
- Реновирање на споменик на Македонски бранители пред м.з Јонче Мурџевски и поставување на биста на народен херој Јонче Мурџевски,
- Изградба на баскет игралиште во Лавчанска населба и мали тревнати игралишта кај постојка и скривници,
- Осветлување на простор помеѓу спортски центар, месна заедница Јонче Мурџевски и детска градинка,
- Средување на тротоар со бекатон плочки на улица Павел Шатев, 1, 3 и 5,
- Оспособување на чешма помеѓу улица Сисак и улица Епинал,

- Оспособување на сирена за тревога во м.з Јонче Мурџевски,
- Садење на дрвца во м.з Јонче Мурџевски,
- Поврзување на улица М.А Ченто со улица Павел Шатев,
- Поплочување на патека низ улица Пелистер,
- Реновирање на улица Стив Наумов,
- Воведување на еднонасочен сообраќај на улица Стив Наумов од трета реонска до раскрсница со улица Пецо Божиновски,
- Уредување и поголема грижа за парк Стив Наумов (наводнување, урбана опрема),
- Доредување со плочки на чикмак на улица Цар Самоил бр 166,
- Доредување со плочки на чикмак на улица Цар Самоил бр 156,
- Уредување на парк на улица Трифун Пановски со Бул. 1 Мај кај бараки Раде Кончар,
- Изградба на тротоар на двете страни на улицата Народни Херои,
- Изградба на тротоар од десна страна на улица Димче Лахчански од петте згради кон Таргет,
- Одржување на тревната површина под Тера Телевизија, поставување на урбана опрема и опрема за игри на деца,
- Санација на Дом кај Чинарот,
- Санација на улица Дебарска,
- Санација на улица Димитар Влахов,
- Санација на улица Караорман,
- Санација на улица Љубојно,
- Санација на улица Јордан Пиперката,
- Санација на улица Козјак,
- Асфалтирање на тротоар на улица 7-ми Јули,
- Поплочување на улици низ у.з Кире Костадиновски,
- Насипување и уредување на државно земјиште помеѓу улица Јабланица и улица Кукуш,
- Изградба на пешачки мост кај автосервис КИБ и Споменик на Кире Костадиновски,
- Изработка на сообраќаен проект за поставување на знаци за пешачки премин и ограничување на брзина на улица 7-ми Јули и нејзино поврзување со населба Ушици,
- Санирање на семафор на раскрсница помеѓу улици Климент Охридски и Солунска,
- Уредување околу згради Стара Болница: поплочување со бекатон плочки, чистење на котлара, уредување и одржување на тревнати и детски површини, уредување и санирање на шахти, осветлување и обележување и оградување на тротоари.

Форумот заврши со евалуација на сесијата и дефинирање на предлог датуми за одржување на третата и четвртата форумска сесија.

***Заклучоци и препораки***

**Како препораки до Градоначалникот и Советот на Општина Битола да се дадат:**

- Ставање во функција на Комисија за права на пациентите во рамките на Советот на Општина Битола;
- Зголемување на ефикасноста при реализацијата на урбанистичките планови во општината (со осбен акцент на ДУП за Касарна);
- Зголемување на јавната чистота;
- Подобрување на инфраструктурната состојба во Старата Битолска Чаршија во рамките на мандатот на општината,
- Борба против дивата сеча во околината на Битола: координирани активности со сите надлежни служби и структури на територијата на општината од сите нивоа на власт: Гранична Полиција, Национален Парк Пелистер, Шумска Полиција,
- Изградба на нови парковски содржини;
- Подобрување на енергетска ефикасност на јавните објекти во општината;

- Зголемување на интензитетот на реконструкција на локалната патна инфраструктура;
- Иницирање на постапка за поставување на семафор на раскрсницата кај хотел Епинал (активност која е во надлежност на МВР и Биро за Јавна Безбедност);

**Проекти кои ги исполнуваат условите за да бидат дел од гласањето на четвртата форумска сесија:**

- Решавање на проблемот со уличните кучиња;
- Носење на пакет економски мерки за помош на локалното стопанство: намалување на комунална такса и намалување на даноци,
- Намалување на тарифите за поставување на урбана опрема поради постоечката криза,
- Зголемување на средствата на образовните институции во градот за греење и електрична енергија,
- Решавање на проблемот со дивите гаражи на територијата на Општина Битола,
- Субвенционирање на нови енергетски ефикасни фасади на станбените згради во Општина Битола,
- Продолжување на колекторски систем за село Брусник,
- Изградба на пат до манастир во село Брусник.

**Проектни идеи кои треба да се доразработат од страна на работната група помеѓу втора и трета форумска сесија:**

- Поддршка и помош на семејства кои се во процес на инвитро оплодување,
- Изградба на катна гаража,
- Изградба на подземен паркинг во близина на градски пазар,
- Изградба на Старски Дом,
- Изградба на фотоволтаична централа во сопственост на општината.

За доразработка на погореспоменатите иницијативи, проекти и предлози беше задолжена формираната работна група за време на првата форумска сесија.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

Присутните граѓани на Втората форумска сесија, согласно правилата на форумскиот процес извршија евалуација на истата користејќи однапред зададени формулари. По анализата на собраните формулари од страна на оперативната група констатирано е дека сите присутни кои пополниле евалуациски формулар ја сметаат реализираната форумска сесија за корисна. Понатаму, присутните граѓани сметаат дека Втората форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари нивните очекувања во целост. Од аспект на квалитет, организација и спроведување, форумската сесија доби средна оценка 4,4 на скала од 1 до 5, каде 5 е најдобра оценка.

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список,
- ☐ Листа на учесници по работни маси,
- ☐ Фотографии,
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Форумски Модератор
Рубин Николоски
Р. Николоски
_______________